ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr 08-6025/3
17. 04. 2025 20
СКОПЈЕ-SHKUP

**ГРАД СКОПЈЕ**
**СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**СКОПЈЕ**

# ПРИЛОГ КОН ПРИЈАВАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛИ, НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВО

# СОДРЖИНИ, УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ОД СТРАНА НА РЕАЛИЗАТОРОТ НА ФЕСТИВАЛОТ „СКОПЈЕ ГРАДОТ УБАВ”

## 1. Содржини на Фестивалот

Фестивалот да биде дестинација на забава со богата музичка содржина и настап на изведувачи и вокални бендови како од Македонија, така и од странство.

## 2. Услови за реализација на фестивалот

- Искуство во организација и координација на манифестации и фестивали од отворен и затворен карактер;
- Време на одржување – согласно Пријавата;
- Локација: во Град Скопје;
- Инфраструктура:
- соодветно озвучување и осветлување според локацијата и објектите;
- обезбедено одржување на хигиена;
- соодветен број на подвижни тоалети (тои-фори) според бројот на очекуваните гости;
- поседување на соодветна опрема за логистика на фестивалот;
- обезбедување на соодветна музичка опрема за исполнување на музичката програма на фестивалот;
- бина каде ќе се презентираат домашни и странски музички бендови. На бината, како и на влезот на локацијата да се постави на видно место логото на Град Скопје;
- останати инфраструктурни елементи кои ќе бидат предложени од страна на реализаторот и излагачите;
- Изработка на репрезентативен и промотивен материјал;
- Медиумска покриеност на фестивалот;
- Извештај за организацијата на фестивалот кој по завршувањето на фестивалот ќе биде предаден на градот.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ПО ЈАВЕН ПОВИК

За носител на Договорот по Јавен повик ќе биде избрана онаа пријава која што ќе биде оценета како најповолна од збирот на бодовите за секој елемент посебно.

| Критериуми | Максимум бодови |
| --- | --- |
| **1. Организациска структура и ресурси** | **30** |
| 1.1 Апликантот има потребна организациска структура и | 10 |

| | |
|---|---|
| човечки ресурси за реализација на фестивалот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица, итн) | |
| 1.2 Апликантот располага со логистика (канцелариски простор и техничка опрема за реализација на фестивалот) | 10 |
| 1.3 Видливост на апликантот online | 10 |
| **2. Финансирање на предлог проектот за реализација на фестивалот** | **30** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на фестивалот | 10 |
| 2.2 Апликантот обезбедува процент на сопствено учество во остварување на проектот | 10 |
| 2.3 Реален финансиски план (описот на трошоци по категории позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |
| **3. Квалитет на предлог проектот за реализација на фестивалот** | **40** |
| 3.1 Јасна и соодветно определена општа цел на предлог проектот која ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети од Програмата на активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог проектот | 10 |
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | 10 |
| 3.4 Предлог проектот за спроведување на фестивалот е јасен и остварлив | 10 |

Секоја област од посебните критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да.

Градоначалник на Град Скопје
Данела Арсовска